# Процес за регистрирање на училиште

**Внимание:**

- Само вработен во училиште може да регистирира училиште ( на ученици и родители не им е дозволено да аплицираат)
- Само еден вработен од училиште е доволно да аплицира. Откако училиштето ќе биде регистрирано веднаш потоа сите учениците и наставници од тоа училиште добиваат лозинки.

За да регистрирате училиште

1. Одете на страната http://thinkquest.org и кликнете на копчето **Enroll**




2. Одберете ја државата во која живеете и градот
3. Одберете Single school
4. Одберете “**Projects and Competition**” за да се регистрирате во двете категории и **Thinkquest projects** и **Thinkquest Competition**
5. Кликнете на линкот за да го разгледате договорот
6. Внесете ги деталите за училиштето и внесете ја е-меил адресата што ја користи училиштето
7. Притиснете го копчето **Next**




8. Одберете го вашето училиште од листата, или кликнете на копчето **Add a School** доколку вашето училиште не се наоѓа на постоечката листа




9. Потврдете ги или внесете ги информациите за училиштето
10. Внесете ја вашата титула , целосно име и презиме, назив на работата, и лозинката којашто ќе ја користите за да можете да се логирате на **Thinkquest Projects**
11. Внесете ја титула, целосно име и презиме, називот на работата за директорот или одговорниот наставник во училиштето кој што може да ги прифати и потпише **Thinkquest** договорите
**12.** Притиснете го копчето **Next**




13. Проверете ги повторно сите информации коишто сте ги внеле претходно (притисне го копчето **Back** ако сакате да направите некој измени, ако не притиснете го копчето **Next)**




14. Вие успешно ја потполнивте апликацијата. Ќе добиете потврда по е-меил, и вашиот надлежен кој има овластување ќе добие исто така е-меил со инструкции за тоа како да го прифати **Thinkquest Legal Agreement**.
15. Откако ќе биде прифатен **Thinkquest Legal Agreement**, **Oracle Education Foundation Staff** ќе ја разгледа вашата апликација
16. Ако вашата апликација биде одобрена, вие ќе добиете е-меил со инструкции за тоа како да започнете со **Thinkquest Projects**

## Прифаќење на договор за користење

Пред вашето училиште или општината да се приклучат на **Thinkquest Projects**, лицето одговорно и овластено за потпишување на договори во име на училиштето и општина ќе мора да го прифати **Thinkquest Legal Agreement**.

Откако ќе бидете вклучени онлајн, е-меил ќе биде испратен автоматски до личноста која што е назначена за да може да прифаќа и потпишува договори за користење за вашето училиште или општина. За училиште обично тоа е директорот или одговорниот наставник, додека во име на општината тоа е градоначалникот.

За да го прифати договорот за користење, овластената личност треба да го направи следното.

1. Кликнете на линкот за договор во е-меилот и внесете ја лозинката која што исто ви е дадена во е-меилот




2. Разгледајте го договорот, и следете ги упатствата понатака за да го потпишете дигитално

Ќе добиете е-меил откако овластениот корисник ќе го прифати или одбие договорот ( **Oracle Education Foundation** Staff нема да ја прифати вашата апликација се додека вашиот овластен корисник не го прифати договорот)